МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 41 став 5 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08 и 116/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОДЕТАЛНИТЕ КРИТЕРИУМИ ВО ОДНОС НА ПРИПЛОДНИОТ ДОБИТОК, ПРОСТОРОТ, КАДРИТЕ И ОПРЕМАТА ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ЧУВАЊЕ НА СЕМЕ ОД ДОБИТОК

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат подеталните критериуми во однос на приплодниот добиток, просторот, кадрите и опремата за производство и чување на семе од добиток кој треба да ги исполнуваат Центрите за производство на семе.

## Член 2

Приплодните грла од кои ќе се произведува и чува семето треба да се со познато потекло, за кое има уредна важечка документација (педигре сертификат - извод од матична книга и/или регистер на хибриден добиток).

## Член 3

Центрите за производство на семе треба да ги исполнуваат следните критериуми во поглед на просторот и тоа:

- да располагаат со објекти кои ги исполнуваат минималните зоотехнички норми, а особено соодветна контрола на микроклиматот (оптимална температура, влажност, квалитет на воздухот и осветлување во зависност од видот на животните и во согласност со Законот за благосостојба на животните);

- да ги исполнуваат био-сигурносните услови според Правилникот за ветеринарно- здравствени услови за ставање во промет на семе за вештачко осеменување, ембриони и јајце клетки, начинот на водење евиденција, условите во поглед на кадарот, просториите, опремата и инструментите, начинот и условите за одобрување на тимовите за ембриотрансфер, официјалните контроли на семе за вештачко осеменување, јајце клетките и ембрионите како и условите за увоз на производство од животинско потекло и содржината и формата на ветеринарно-здравствениот сертификат или друг документ што ја придружува пратката;

- да имаат одделни простории за чување на приплодните машки грла (стадо машки приплодни грла) од ист вид;

- да имаат индивидуални боксови за чување на машките приплодни грла со димензии во зависност од видот на домашното животно, а во согласност со Законот за благосостојба на домашните животни и принципите на безбедност при работа;

- да имаат одделна просторија за чување на храна, простирка, прирачен алат и опрема за потребите на стадото на машки приплодни грла;

- да имаат одделна просторија за чување на болните машки приплодни грла,

- да имаат одделна просторија - лабораторија за оцена, обработка, контрола и пакување на семе во спермална доза;

- да имаат одделна просторија за чување на репроматеријал за потребите на лабораторијата за оцена, обработка, контрола и пакување на семе;

- да имаат одделена просторија или одделен дел во рамките на лабораторијата наменет за чување и пакување на семето;

- да имаат одделена просторија за дистрибуција на спакуваното семе од добиток

(спермални дози) и

- да имаат одделен простор и објекти за чување на арското ѓубре, урина и други биолошки материи кои потекнуваат од Центрите за производство на семе без негативни последици по животната средина.

**Член 4**

Центрите за производство на семе по однос на кадровските услови треба да имаат најмалку еден вработен со високо универзитетско образование од областа на сточарството.

## Член 5

Центрите за производство на семе треба да располагаат со соодветна опрема за производство и чување на семе во зависност од видот на домашни животни и тоа:

- една вага за мерење на масата на еакулатот (семето) или да има садови за утврдување на волуменот на еакулатот;

- еден микроскоп за преглед и контрола на квалитетот на семето во живо и за морфолошка анализа (фазен контраст);

- еден уред (колориметар и сл.) за мерење на концентрацијата на семето,

- еден уред за пакување на семето во спермални дози;

- еден комплет на уреди за криопрезервација доколку Центарот за производство на семе работи и со длабоко смрзнато семе;

- едно водено купатило, еден сув стерилизатор и еден уред за производство на дестилирана вода;

- една уред за одржување на семето при микроскопски преглед на соодветна температура во зависност од видот на животното;

- еден уред за подготовка на семето за микроскопски преглед според програма на загревање и движење во зависност од видот на животното;

- еден клима уред за чување на семето на соодветна температура во зависност од видот на домашните животни со толеранција од +/- 1 0С;

- еден клима уред или простор за кондиционирање на температурата на репроматеријалот и опремата која доаѓа во директен контакт со семето на соодветна температура во зависност од видот на домашните животни со толеранција од +/- 1 0С и

- еден компјутер и софтвер за обработка на податоците на Центарот за производство на семе.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 08-3129/3 Министер за земјоделство,

6 април 2012 година шумарство и водостопанство,

Скопје Љупчо Димовски